СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 143

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1992 година

Скопје, април 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1, со почеток во 20,40 часот).

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубосав Иванов, Никола Апостоловски, Панче Насев и Димитар Поповски и Душко Арсовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Пратеничката група на СДСМ за донесување одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието и за избор на претседател на Републиката.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (59).

Дали некој е против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог на Пратеничката група на СДСМ за донесување одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието и за избор на претседател на Републиката.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара бор?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, претпоставувам дека не очекувавме дека токму оваа точка и оваа седница ќе започне некаде околу 21 часот. Претпоставувам дека амбиентот за работење по оваа точка ќе беше многу подобро ако беше порано, тогаш кога ќе бевме сите и посвежи, меѓутоа кога ќе бевме и повеќе на број во овој Парламент со оглед на тоа дека е сосема јасно дека ќе говориме за една многу сериозна работа, за една одлука која што има своја тежина. Можам на почетокот да ви кажам дека ние како предлагачи во потполност сме свесни за одговорноста што ја понесуваме што го даваме овој предлог, а верувам дека и Парламентот во целина е свесен за тежината и сериозноста на оваа одлука. Сосема е јасно за што се работи. Последните неколку дена имавме можност во повеќе наврати преку средствата за информирање, преку разни соопштенија, партиски ставови и изјави и ние сите меѓусебно, меѓутоа и целата македонска јавност да се запознае за каква иницијатива се работи, точно во што се состои нашиот предлог, па донекаде и кои се аргументите за давање на таков предлог.

Како образложение на нашата иницијатива ќе се обидам во што е можно пократко време да ги назначам битните точки одредници, причини и аргументи кои што нас не натераа да ја покренеме оваа иницијатива, а верувам дека според изјавите и соопштенијата што од сите партии имавме прилика да ги чуеме во изминативе денови, дека е тоа иницијатива прифатлива и за останатите парламентарни и вонпарламентарни партии.

Прво глобално прашање е дали и зошто нови избори?

По наше мислење три главни аргументи се кои говорат во прилог на оваа иницијатива.

Првата работа е новото општествено-економско уредување создадено со донесувањето на Уставот на Република Македонија од 17 ноември.

Вториот клучен аргумент е новата уставна положба на носителите на власта во Републикава.

Третиот клучен аргумент е неефикасната структура на власт создадена во Републикава по првите повеќепартиски избори.

На 17 ноември минатата година овој Парламент го донесе новиот Устав на Република Македонија. Со него не се направија некои небитни козметички дотерувања на општественото уредување. Напротив од темел, од корен го променивме општествено-економскиот систем. Со овој Устав Македонија стана самостојна и суверена држава. Со овој Устав и уставно ја санкциониравме парламентарната демократија, повеќепартискиот систем и слободните и непосредните демократски избори. Со овој Устав уставно ја санкциониравме поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска. Со овој Устав уставно ја

санкционираме локалната самоуправа. Се разбира нема да ги набројувам сите и останати сегменти, доволно е да се погледа членот 8 од Уставот на Република Македонија. Со овие радикални промени верувам ќе се согласат сите се создава амбиент сосема различен од оној кога се одржуваа првите повеќепартиски избори и кога граѓаните одлучуваа кому ќе ја доделат својата доверба. Во светот, во државите со подолгогодишна парламентарна традиција постои едно непишано правило. Кога се донесува нов Устав, дури и дсога со него се прават многу помали промени од оние што ги направивме ние, веднаш потоа се распишуваат нови избори. Впрочем верувам дека на сите ни е добро познат терминот уставотворно собрание, собрание кое има задача да донесе нов устав и да распише нови избори. Сакале ние да признаеме или не, според актите што овој Парламент ги донесе, а да напоменам само неколку: Декларацијата за сувереност на Република Македонија, Одлуката за распишување на референдум за самостојност и сувереност и конечно новиот Устав на Република Македонија. Тој ја одигра улогата на уставотворно собрание. Во овој сосема нов амбиент создаден со сите овие промени народот треба да добие повторно шанса да ги избере своите претставници. Тоа беше и причината зошто при донесувањето на уставниот закон за спроведување на Уставот Социјалдемократскиот сојуз на Македонија предложи одредба со која се предвидува во рок од најмногу една година по донесување на Уставот да се распишат нови избори. За жал тогаш не наидовме на поддршка кај останатите парламентарни групи и партии. Се разбира по тој повод не обвинувам никого. Тогаш какви биле политичките проценки, од тогаш се случија многу работи и врз основа на партиските соопштенија и ставови очигледно е дека созреала свеста за распишување на нови избори.

Вториот аргумент, новата уставна положба на носителите на државната власт во Републиката. Сметам дека на сите ни е јасно за што се работи, но ако ми дозволите со неколку промери би ја појаснил контрадикторноста во која што во овој момент се наоѓаме. Со новиот Устав судската власт станува независна, а судиите се бираат трајно до крајот на својот работен век. За таа цел имаме нова уставна категорија Републички судски совет во чие конституирање ова Собрание, овие пратеници имаат главен збор. Тогаш кога граѓаните ни ја дадоа својата доверба немаа сознание дека со својот глас ни го даваат и тоа овластување. Со новиот Устав се дава сосема нов квалитет на уставното судство кое меѓу другото сега има задача да ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката итн. Од друга страна ова Собрание има пресудна улога при изборот на судиите во Уставниот суд што се разбира беше случај и по претходниот Устав. Но, она што е различно е продлабочувањето на уставната власт,што исто така, не беше на увид пред граѓаните тогаш кога токму нам ни ја доделија својата доверба. Со новиот Устав имаме поделба на извршната власт помеѓу Владата и претседателот на Републиката. Од тоа произлегуваат и сосема нови ингеренции квалитативно различни од оние детерминирани со стариот Устав. Се разбира ниту тоа нашите граѓани не го имаа како сознание кога одлучуваа кому ќе ја дадат својата доверба. Можеби најмалку битниот, меѓутоа за граѓаните и јавноста најпрепознатливиот аргумент е

променатa со статусот на пратениците. Ние почитувани колеги бевме избрани по еден устав и по еден закон каде што беше можно и отповик на пратеникот. Сега со новиот Устав таквата категорија не постои. и тука се поставува едно суштинско прашање. Дали власта избрана по еден устав, по едни правила на игра може да продолжи да владее по нови правила на игра што самата ги донела.

Третиот аргумент како што реков тоа е неефикасната структура на власта. Првите повеќепартиски избори во Републикава дадоа резултати кои не овозможуваа ниту на една партија да формира своја влада и со тоа да ја превземе одговорноста за состојбите во Републиката. Од друга страна заради разликите во програмските определби не беше можно ниту создавање на коалиција со мнозинство во Парламентот, или како што нашиот народ вели, добивме "пата пата" резултати во овој Парламент. Во такви услови во државите со парламентарна традиција обично веднаш се распишуваат нови избори, бидејќи во спротивно се губи основниот смисол на повеќепартискиот систем а тоа е јасно означување на позиција и опозиција. Кој е на власт, а со тоа и одговорен за состојбите во државата, а која е алтернативата?. Меѓутоа, свесни за фактот што во тој момент се наоѓаме пред почетокот на расплетот на југословенската криза дека ни претстојат искушенија, преговори со претставници на другите републики, но и со меѓународните фактори при што е неопходно Републикава да биде претставувана и застапувана со легитимни претставници, а тоа значи претставници избрани на повеќепартиски избори се согласивме сите без исклучок сите пратеници и сите парламентарни групи во овој Парламент да ја избереме таканаречената експертска влада, всушност од самиот почеток компромисна Влада. Се разбира таквото решение на еден начин помогна во извесен временски период да надминеме дел од проблемите. Меѓутоа воглавно, а за тоа ни е сведок целата македонска јавност со силни маки и натегања. Напуштањето на седниците на Парламентот од пооделни парламентарни групи стана вообичаена пракса. Собранието во овој изминат период повеќе се наоѓаше во блокада отколку во статус на ефикасно работење. Силното време потрошено на координации, усогласувања, убедувања, одлагања на закони, или одлуки заради несогласување на некои од поголемите парламентарни групи, одлагањето на цели седници, правењето на долгите паузи и нелогични компромиси само заради обезбедување на потребно мнозинство е одраз на таквите изборни резултати, но и доказ за неефикасното функционирање на Парламентот.

Односот на Парламентот кон Владата е можеби примерот кој на насликовит начин ја презентира апсурдноста на ситуацијата во која се наоѓаме. Сите партии се однесуваат опозиционо во однос на Владата. Значи, никој не ја поддржува Владата, па се поставува едно прашање. Чија е таа Влада? Целата работа имаше смисол дека таа влада беше сечија.Од моментот кога таа стана ничија, тогаш е кристално јасно дека имаме неодржива ситуација. Од друга страна Владата користејќи ја таквата положба во Парламентот, користејќи го токму тој нерешен резултат од тие повеќепартиски избори си дозволи конфорно и неодговорно однесување, неекспедитивност, неажурност, непочитување на

обврските што и беа задавани од страна на овој Парламент и роковите што и беа задавани. Често пати доаѓавме во апсурдни ситуации не својствени за повеќепартиски систем. Неодамна го донесувавме Буџетот на Република Македонија и дојдовме до една несекојдневна ситуација. Владата во секоја држава се бори да има поголем буџет, а опозицијата, Парламентот се труди да и го скрати тој буџет. Ние дојдовме во ситуација Владата се залага за помал буџет, а овде во Парламентот да се води политика и да се даваат предлози за да се зголеми буџетот кој ќе биде на располагање. Се разбира сето тоа имаше одраз и на останатите нивоа на функционирање на власта. Не треба да се говори дека таквите односи во Парламентот, таквото однесуваше на Владата имаат свое влијание и на функционирањето на власта на нивото на локалната самоуправа. Се наоѓаме во еден вакум во кој што од правен аспект гледано ингеренциите на поранешните општини се одзедоа, сите тие ингеренции поминаа во сверата на надлежностите на министерствата и на Владата, а се покажа дека министерствата не се оспособени да ги преземат сите обврски што од тоа произлегоа. Се разбира во целата таа ситуација најмногу трпат и најмногу губат токму граѓаните. Верувам дека на сите ни е јасно дека искушенијата со кои се соочуваме како држава и на економски и на политички план се големи. Денеска, а и во повеќе наврати досега говоревме за успешната надворешна политика што оваа држава ја води Меѓутоа, сето тоа мора да биде проследено и со успешна внатрешна политика. Секојдневно сме соочени со се поголеми изливи на социјални тензии и незадоволство, со падот на стандардот, со хиперинфлацијата. Тоа се проблеми кои што можат да се решаваат само доколку имаме ефикасна власт. За оваа власт која што во овој момент постои мислам дека никој неможе да ја даде таа оценка дека ефикасно работи, било за Парламентот било за Владата. Ние донесуваме судбоносни одлуки за иднината на овој народ и сметам дека оттука и народот има право да одлучува за судбината на својата власт, а тоа не може да биде направено на друг начин освен по пат на избори. Македонија во овие тешки моменти по мое длабоко убедување заслужува и подобар парламент и подобра Влада од овие што ги има во овој момент.

Второто прашање се поставува, ако веќе се согласиме, сигурно тоа низ расправата ќе треба прво за таа работа да говориме, дали се неопходни предвремени избори, се поставува прашање кога тие избори да се одржат? Ако се согласиме со тоа дека имаме неефикасна власт, тогаш е подобро тие избори да бидат што е можно побрзо. Се разбира, при тоа да се почитуваат и процедуралните и уставните и законските норми. Ние паралелно со оваа иницијатива доставивме и изборен закон за претседател и интервенции во изборниот закон за пратеници, како и нужна интервенција во Уставниот закон за спроведувањето на Уставот со што доколку се постигне широк политички консензус помеѓу сите партии и парламентарни групи во Парламентот е можно новите избори да се одржат и веќе кон крајот на месец јуни оваа година. Велам дека е потребен широк политички консензус бидејќи за промени во Уставниот закон нормално потребни се 81 пратеник, односно двотретинско мнозинство. Јас верувам врз основа на сите оние изјави на политичките партии што беа давани во изминатиот период, врз основа на изјавите на челниците на политичките партии, изјавите на поодделни

членови на тие партии, дека оваа наша иницијатива ќе биде прифатена и во зависност од тоа дека и потребните измени и на Уставниот закон и на Законот за избор на пратеници ќе бидат благовремено направени за да можеме да го запазиме овој рок до крајот на месец јуни.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам да поставам една процедурална забелешка и го користам тоа деловничко право. Ние имаме точка на дневен ред,донесување на одлука за распишување на избори за пратеници и претседател на Републиката. Ниту Владата е присутна која се распушта со денот на распуштањето на Парламентот, ниту претседателот на Републиката. И во отсуство на овие две институции, сметам дека е безпредметно да ја продолжиме расправата. Затоа барам од формално-правна гледна точка, а и суштинска многу заради нивното присуство на оваа седница да ја прекинеме седницата, бидејќи немавме пауза, ниту за ручек, па може многу зборови да проголтаме што може да ја чинат многу оваа република, заради непромислени одлуки и решенија по однос на оваа точка. Предлагам седницата да ја прекинеме вечерва, а да ја продолжиме во моментот кога ќе биде обезбедено присуство на сета Влада и на претседателот на Републиката. Можеби некој од пратениците ќе побара да се искористи уставното право и претседателот на Републиката да го даде своето мислење по однос на поднесената иницијатива како татко на нацијата, односно на државата, верувам дека и неговото мислење ќе биде корисно во оваа ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде имаме еден конкретен предлог, дали да расправаме понатаму. Да се произнесеме по предлогот на господинот Петров.

Имаме предлог сега откога го ислушавме уводното излагање на господинот Црвенковски да ја прекинеме седницата, а за продолжението да уредиме така што да присуствува целата Влада или барем поголем дел заедно со претседателот и потпретседателите и министрите и претседателот на Републиката.

Дали се согласувате?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници самиот факт што сега кога говориме за една таква крупна работа како што е иницијативата за распишување на предвремени избори, немаме присуство на никакво од Владата освен 4 министри, не е присутен ниту претседателот ниту било кој од тројцата потпретседатели, а за останатите министри и да не говориме. Може добро да се заклучи за какви релации се работи во овој Парламент, во таа Влада и релациите помеѓу Парламентот и Владата. И тоа е само уште еден аргумент во прилог на тоа кон иницијативата која што пред малку ја образложивме и ја дадовме. Сметам дека, се согласувам со предлагачот на овој предлог, а тоа е дека за вакви крупни работи мора да се обезбеди присуството на Владата и ако тоа не е во можност да се направи вечерва тогаш да се договориме кога ќе продолжиме со работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја прекинувам седницата. Дозволете ми утре наутро да обезбедам присутни и да ви закажам  после кога да продолжиме. Не сум сигурен дали утре може да обезбедиме присуство на Владата. Ќе ве информираме преку средствата за информирање и со телеграма.

(Седницата прекина во 21,00 часот).